СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.11.2003 год.

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Јордановски Љупчо, претседател на Собранието.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Продолжуваме со работа по 43-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Елеонора Петрова-Митевска, Трифун Костовски, Ванчо Георгиев, Ристо пеовски, Марија Којзеклиска, Илија Китановски, Петар Наумовски, Лубчо Георгиевски, Никола Груевски, Илјаз Халими, Али Ахмети, Хусеинџеват Хусеини и Фазли Велиу ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Дами и господа пратеници дозволете од мое и од ваше име на граѓаните на Република Македонија со Исламска вероисповест да им го честитам празникот Рамазан-Бајрам и крај на Рамазанските пости.

Продолжуваме со претрес по **Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година.**

Збор има г-динот Коце Трајановски, а нека се припреми г-динот Зоран Крстевски.

ТРАЈАНОВСКИ КОЦЕ:

Благодарам претседателе,

Јас жалам што има мал број пратеници. Овој е редок случај да почнеме да работиме со минимален број на пратеници. Се надевам дека ќе дојдат во текот на седницата.

Денеска на дневен ред е **Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година,** а се однесува на 2001 година.

Во извештајот дадени се министерствата, единиците за локална самоуправа, јавните претпријатија и фондовите од државен и од локален карактер. Или извршени се вкупно 99 ревизии во текот на 2001 година, а работени се во 2002 година, меѓутоа изготвени се 95 извештаи, кои се однесуваат на финансиските извештаи за 2001 година. Добро е што се земени субјекти од различни политички провиненции и различни коалиции, бидејќи во 2001 година покрај тоа што во локалната самоуправа има од различни политички партии, ние имавме Влада на широка коалиција, така да сите заедно бевме во власта. Сегашната позиција, тогашната опозиција го имаше Министерството за одбрана, Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи, а од Локалната самоуправа како значајни беа градот Скопје, неговата големина ја знаеме една четвртина, односно повеќе од една четвртина од населението во Република Македонија живее во градот Скопје, или пак исто така во извештајот е дадена и општина Кисела Вода, која што според бројот на жителите е најголема општина во Република Македонија.

Што сакам да кажам? Ако го погледнеме извештајот ќе видиме дека во сите субјекти на кои што е направена ревизијата има неправилности во работењето со ненаменско користење на средства, или незаконско користење на средства, т.е. за буџетите и за буџетските корисници. Додека во извештаите за јавните претпријатија целта на ревизијата беше да се провери далил финансиските извештаи вистински и објективно ја изкажуваат финансиската положба и резултатите на финансиските активности за овие јавни претпријатија. Скоро кај сите уочени се овие неправилности, независно на која политичка провиненција припаѓаат.

Во претходните дискусии имаше една жестока дискусија во првите денови од позицијата дека во нивните дискусии, дека се што е забележано се е криминал, се е злоупотреба, се е корупција. Притоа, беше ослонета на субјектите што припаѓаат на другата политичка провиненција. Ние ако тргнеме по таа логика како опозиција, би требало да го направиме истото. Да изгубиме уште неколку дена и да ги критикуваме извештаите на субјектите кои што се блиски до сегашната позиција. Мислам дека тоа нема да го направиме, освен два тројца наши дискутанти, кои што го кажаа своето мислење за два три субјекта што се блиски на позицијата, ние нема да продолжиме во таа насока.

Што сакам да кажам? Дека граѓаните практично се заморени од нашите меѓусебни непродуктивни обвинувања, особено за 2001 година, кога сите заендо бевме во власта.

Што се суштината и реалноста? Народот не може да ги слуша нашите секојдневни обвинувања за тоа што било до 2002 година на 15 септември, граѓаните ја дадоа довербата на коалицијата Македонија заедно. И соодветно на тоа тие очекуваат економски резултати, т.е. подобрување  на животот кој што секојден им станува се понеподнослив. Едноставно, бараат излез од оваа тешка економска состојба, а од кого ќе го бараат, ако не од тие за кои што го дадоа гласот на 15 септември. Во тој контекст, сакам да кажам дека ние како ВМРО-ДПМНЕ ги прифаќаме заклучоците кои што се дадени во ревизијата и со тоа јасно сакаме да кажеме  дека не сакаме да амнестираме никого од субјектите кои што незаконски правеле злоупотреби, или нанеменски користеле средства, доколку тоа го востановат соодветните органи. При ова, само би препорачале понатаму органите кои што треба да ги следат и анализираат овие извештаи дека не треба да постапуваат сселективно и субјективно спрема субјектите кои што се блиски или припаѓаат на политижките партии од опозицијата. Или конкретно да се осврнам на извештајот јас би тргнал од извештајот за јавното претпријатие Македонска-радио дифузија. Јас бев претседателна Управниот одбор од 1999 до 2002 година и во Годишниот извештај дадедни се две точки во кои што има наводна неправилност во работењето или злоупотреба или пречекорување на овластувањата.

Сакам да разјаснам дека нема никаква неправилност во работењето, или злоупотреба на средствата или начинот на работење, или нестручно или незнаење во работењето, туку сето тоа што е направено е направено осмислено. Имено, се работи за донација од Тајван во вредност од околу 500 илјади евра и со овие пари купени се или набавени се осум предаватели и 16 репетитори, а не како што пишува во извештајот само репетитори за радиото да фрлам мрежа на ултракратки бранови. За оваа донација требаше да се плати царина и ДДВ. Со оглед на тоа што јавното претпријатие немаше пари да ја плати царината и ДДВ баравме начини како да не ни пропадне донацијата и притоа се најде можност донацијата да ја насочиме во Министерството за транспорт и врски како ресорно министерство на ова јавно претпријатие, со што ќе бидеме ослободени од царина. Инаку, да напоменам дека тогаш како јавно претпријатие се бараше од сите релевантни фактори во државата, од Министерството за финансии, од Владата да бидеме како јавно  претпријатие ослободени од царина и ДДВ како би можеле оваа донација да биде насочена директно на јавното претпријатие. Меѓутоа, ќе речам поради ослободување од царина таа беше насочена кон Министерството за транспорт и врски. Мѓутоа, после три месеци од пристигнувањето на опремата во царината Министрството за

транспорт и врски немаше средства да го фати ДДВ, порадии што опремата не можеше да се повлече од царината. Со цел да не пропадне опремата јавното претпријатие од свои средства со тешки маки успеа да издвои средства со кои што успеа да го плати ДДВ во име на Министерството за транспорт и врски и на тој начин опремата беше повлечена од царина и беше монтирана на соодветните објекти и пунктови за кои што беше наменета. Со тоа оваа донација го доби својот краен епилог, значи опремата функционира и почна да ја емитува својата прва програма на ултракратки бранови на радиото. Во извештајот, исто така, со оглед на тоа што опремата е формално пренесена на Министерството за транспорт и врски, треба да поминат три години за да би можеле таа опрема. . .

Се извинувам претседатела ако може потивко.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Г-да пратеници ве молам за тишина во салата. Знам дека почнавме малку невообичаено рано, меѓутоа на време, сепак сметам да има почит кон говорникот.

ТРАЈАНОВСКИ КОЦЕ:

Со оглед на тоа што опремата беше формално на Министерството за транспорт и врски, а ја користи јавното претпријатие, требаше да поминат три години, за да би можеле опремата со некои законски рок опремата да биде во сопственост на Јавното претпријатие. Меѓутоа, за да може таа опрема понатаму да се користи, исто така, пресметувана е и амортизација и затоа во извештајот пишува дека како неправилност пресметана е амортизација на туѓа опрема.

Мислам дека ова смислено направено, се со цел да може амортизацијата да биде издвојувана независно што опремата е формално на Министерството за транспорт и врски, бидејќи корисник на таа опрема е Јавното претпријатие Македонска радио дифузија. Сакам да кажам, а воедно и да го искористам моментот да го пофалам тогашниот менаџерски тим, кој што успеа за овие години од 1998 година до 2000-та година, да направи многу за јавното претпријатие македонска радио дифузија, а особено за оваа донација, за да биде ставена во функција и за таа цел ја има од Тајванската Влада добиено и посебна пофалница како јавно претпријатие кој што единствено и ефективно има реализирано одредена донација.

Што се однесува до општина Гази Баба од која што сум и јас пратеник, на минатата седница, кога се говореше за оваа точка колешката од Гази Баба г-ѓицата Гркова Славица искажа одредени неправилности во работењето на општината и јас би сакал некои од тие да демантирам, иако уште тогаш демантирав, со оглед на тоа што пратеничката излгеда слабо се движи по територијата на општина Гази Баба, па

искажа  и таква работа, дека патот кој што е направен од Идризово колонија Јурумлери во должина од три километри, дека тој воопшто не бил направен и дека немало ниту тендер за избор на најповолен изведувач. Госпоѓицата може да помине во тие села да го види патот дека е направен и не само тој пат, туку и многу други кои што беа направени во тој период.

Инаку, што се однесува до мојата релација со градоначалникот, кажа дека знаат какви се реалциите, јас сакам да напоменам дека градоначалникот е избран од ВМРО-ДПМНЕ и јас сум пратеник во општина Гази Баба од ВРМО-ДПМНЕ и мислам дека е нормално да имаме една поблиска комункација со цел, да можеме да ги оствaруваме подобро своите функции, за да би можеле на граѓаните да им го подобриме нивниот начин на живот.

Што се однесува до комуникацијата пратеничката од СДСМ со градоначалникот на Гази Баба, сметам дека ниту еднаш нема побарано средба со градоначалникот, што сметам дека не е добро. Јас и во претходниот мандат сум бил пратеник на три општини и притоа сум комуницирал и со градоначалници кои не се од ВМРО-ДПМНЕ, како што беше градоначалникот на општина Петровец или градоначалникот на Гази Мама, кој што беше од ВРМО-ВМРО, се со цел за да може заедно со нив, независно што припаѓаме на различни политички партии, за да би можеле на граѓаните да им го подобриме начинот и условите на живеење. Затоа би и сугерирал на колешката да почне да комуницира со градоначалникот, не мора да биде блиска со него, меѓутоа нејзината функција да може да ја остварува меѓу другото и преку контактите со градоначалникот.

Инаку ќе повторам, и минатиот пат реков дека законската регулатива која ги третира надлежностите помеѓу градоначалникот и советот, меѓу градоначалникот и Фондот, како што се фондовите за патишта, за уредување на градежно земјиште е недоволно и не е децидно и чисто законски регулирано, т.е. многу слабо регулирано заради тоа, не само во Гази Баба, туку во многу општини во Републиката имаме проблеми при комуникацијата меѓу градоначалникот и советите, меѓу градоначалникот и фондовите кои што се на локално ниво.

Да напоменам во врска со ревизијата колешката не го напомна тоа, меѓутоа, јас би кажал дека најкрупна забелешка од страна на ревизијата се однесува на ставката основни плати на наемнини, т.е. основни плати на функционери и притоа мислејќи како функционери како претседавачот на советот,  секретарот на советот како и претседавачот и секретарот на претходниот совет. За ова сакам да истакнам дека постои одлука од Комисијата за мандатно имунитетни прашања на општината,

и согласно на таа одлука се постапува при исплатата на тие надоместоци иако тој износ е преценет за милион 143 илјаид денари. Исто така, би сакал да напоменам дека овие функционери се токму од СДСМ и ЛДП. Значи се однесува за функционери кои што се од моменталната позиција.

Инаку, исто така, има преценета вредност за плати на работници во вредност од 608 илјади денари. Притоа би сакал да истакнам дека платите ги изготвува, т.е. пресметува подрачната единица на Министерството за финансии, кое што е сместено во општина Гази Баба, согласно на правилниците за распределба на личен доход и Законот за личен доход и други надоместоци, т.е. тие законски зе задолжени да ги толкуваат и пресметуваат платите и надоместоците на вработените според Законот, на општината.

Што се однесува до програмата за изградба на локални патишта, како што беше спомнато од колешката, исто така, сакам да истакнам дека со оглед на тоа што советниците од коалицијата за Македонија заедно не сакаат да ја прифатат програмата на единствениот овластен предлагач, а тоа е градоначалникот на општина Гази Баба, не сакајќи да го прифатат неговиот Предлог - програма за изградба на локални патишта, истата не била донесена и за да не бидат пропадната средствата кои што се во Фондот за патишта и во Министерството за транспорт и врски, градоначалникот беше принуден со писмо да го извести Министерството дека не може да биде донесена неговата програма и тоа беше една од законските можности да му ги повлечат парите да можат да се изградат патиштата во соодветната општина. Инаку, фондот за локални патишта во општина Гази Баба има свој директор и тој е самиот потписник на таа жиро сметка. Сметам дека општи на Гази Баба не е случајно избрана, бидејќи од страна на една анкета објавена во фокус од сите градоначалници во Градот Скопје, како најуспешна општина беше прогласена општината Гази Баба, заедно со општината Чаир и тоа не е случајно, бидејќи околу 5 милиони евра се инвестирани од 2000-та и 2001-та и 2002 година во патишта, во водоводи, во одводни канализации, во улични осветленија и за помош на културните домови по месните заедници. Како би можеле ние како пратеници да и помогнеме на локалната самоуправа, особено пратениците кои што се од сегашната позиција, независно дали градоначалникот е од опозицијата, тие би требало да се вклучат.

Како би можеле ние како пратеници да и помогнеме на локалната самоуправа, особено на пратениците кои се од сегашната позиција, независно дали градоначалникот е од опозицијата, тие би требало да се вклучат во нивните

контакти, со оглед на тоа што министрите и директорите на јавните претпријатија на ниво на Републиката се од нивните политички партии или од нивната коалиција, да им помогнат, за да би можеле во општината да донесат што повеќе средства, за да може да се инвестира и во општината да се подобрат условите за живеење на граѓаните.

Исто така, би сакал да напоменам дека, доколку се земе општината Гази Баба, може да се земе и градот Скопје. Во извештајот неговата страна е малку поголема и сите неправилности кои што се таму дадени се многу, многу поголеми, отколку во соодветните општини во градот Скопје.

На крајот, би сакал да повторам дека ние ќе гласаме за заклучоците дадени во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија. Тоа го кажавме и на комисиите и со тоа сакаме да покажеме дека правото е изнад се и независно од партиската и етничката припадност, би требало правото да биде доминантно во Република Македонија.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Реплика има госпоѓицата Славица Грковска.

ГРКОВСКА СЛАВИЦА:

Господине Трајановски, ако внимателно сте ги анализирале стенограмите од минатата седница, ќе констатиравте дека јас воопшто не реков дека патот не е направен. Напротив, јас знам дека патот е направен точно во таа должина, знам дека договорот бил поинаков и знам дека сега има сеудски спор помеѓу изведувачот и општината токму поради ненаплатените побарувања. Меѓутоа, многу ми е драго дека не негиравте ниту еден од другите наоди што ги истакнав јас, а што исклучиво се базираат на извештајот на Државниот завод за ревизија и тоа дека донациите кои што се дадени на раселените лица воопшто не завршиле во таа намена, не се знае како се искористени. Дека, од две возила Шкода фелиција, за кои што општината Гази Баба платила давачки, едното воопшто не е вратено, не е видено, не е влезено во општината, дека се вработени лица кои се на платниот список на општината, а воопшто не почнале да работат и не се видени во кругот на општината како вработени.

Што се однесува до мојата присутност на теренот, јас би ве советувала малку подобро да се информирате и тогаш мислам дека би требало да го корегирате вашиот став по тоа прашање.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Повели г. Трајановски, една минута.

ТРАЈАНОВСКИ КОЦЕ:

Благодарам претседателе,

Би сакал да реплицирам. Имено, на страница 12/3, одговорот на госпоѓицата Славица Гркова децидно стои дека овој пат и денес не се знае како се гради. Дали имало тендер, колку вкупно чини, со оглед на тоа што во 2002 година се планирани средства. Значи, децидно е кажано дали имало тендер. За една работа која што беше објавена во сите весници дека беше објавен тендерот, се дава сомнеж на еден факт кој што не може да се побие, јасно зборува дека сака да се минимизира, да се критикува или да се криминализира, или она што фактички е направено. Значи, не се знае како се гради и дали се гради. Мислам дека ова е еден случај, како да кажам без пардон.

Што се однесува до Шкодите фелиција, тие ги има во пописните листи, тие се секогаш во општината, а кој ги вози, мислам дека одлучува градоначалникот, а не советниците.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Следните двајца дискутанти не се присутни, господинот Тасев Орданчо, господинот Ванчо Стаменков, а збор има госпоѓа Ристана Лалчевска, а нека се подготви г. Борис Кондарко.

ЛАЛЧЕВСКА РИСТАНА:

Благодарам господине претседателе,

Се надевам дека оваа маратонска расправа е при крај, па јас би сакала неколку збора, и едно свое видување околу Годишниот извештај за извршената ревизија и за работата на Државниот завод за ревизија.

Внимателно ги следев сите дискутанти од маратонската расправа, меѓутоа, никако не добив одговор на некои свои дилеми.

Прва дилема која ми се наметнува е кој беше овластен предлагач пред Собранието да се расправа овој Извештај. Колку јас што се сеќавам ние го добивме Извештајот. Тука беше присутен г. ревизор да го брани, меѓутоа, според Деловникот член 133 господинот ревизор не е надлежен односно овластен предлагач, а според член 33 овластен предлагач може да биде Владата, пратеник или 10 илјади граѓани со потписи. Никој од овие овластени предлагачи не се појави пред Собранието и навистина не знам со која цел беше ставен на дневен ред да се расправа Извештајот. А, уште помалку, затоа што Извештајот е работен за 2002 година за

периодот од 2001 година, а ние го расправаме на крајот од 2003 година. И, се прашувам каков ќе биде ефектот, ние после три години, безмалку три години, да расправаме за трошењето на народните пари во 2001 година, а сите добро знаеме дека беше период кога на власт беше широката владина коалиција и сите подеднакво сносат одговорност за тоа како се работело во 2001 година.

Овде слушнавме разни дискусии и за жал селективни, секој од својата призма гледани, дека овие или оние субјекти кои се опфатени со Извештајот незаконски ги трошеле буџетските средства. Слушнавме обвинувања од различен карактер, што би рекла, си ја презедовме улогата на судството. Ние не сме овде да судиме, туку сме законодавен дом. И, навистина, не ја гледам целта на оваа маратонска расправа, не со цел да се прикрие она што е во Извештајот. Извештајот, наиме го изработил овластен орган и е достапен за јавноста. Значи, секој што сакал да види како се работело во 2001 година тоа можел да го стори, а Парламентот за жал потроши многу енергија, расправајќи за трошење на буџетските средства во 2001 година, како, кој и зошто трошел пари, дали имало тендери или немало тендери. По мене, овдека после Извештајот обвинителот требаше да си преземе одредени дејствија и оние што работеле незаконски, без разлика од која политичка провиенција се, да си одговараат за своето законско работење, онолку колку што сработиле.

Се чудам, драги колеги, зошто не си зедовме за право да расправаме за работи кои се сега актуелни, за кои народот очекува брзо и итно решавање. Зошто не се расправаме за житото, за сеидбата која треба да следи, а немаме никакви услови, по се изгледа нема да имаме сеидба на жито оваа година, па се прашувам каква ќе биде тогаш следната година. Зошто не расправаме за сиромаштијата, за тутунот и за многу други работи кои се многу актуелни сега и во овој момент. Зошто не расправаме за она што ги мачи земјоделците кои вчера дојдоа кај претседателот да бараат решенија за актуелните проблеми кои се случуваат денес, а истрошивме толку многу енергија да расправаме за 2001 година, наместо да чекаме надлежните органи да си го кажат својот збор и оние што работеле незаконски, да си одговараат за своето работење.

Имам впечаток дека ова беше еден политички маркетинг, секој од своја страна си го кажа своето мислење, затоа што никој не беше овластен пред овој Парламент да го расправа Годишниот извештај, затоа што ние го прекршивме со ова и Деловникот по кој ние треба како Парламент да работиме. И, покрај толку расправи,

за мене останува неразјаснето прашањето зошто и со која цел беше оваа маратонска расправа.

Ви благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Реплика г. Макрадули.

МАКРАДУЛИ ЈАНИ:

Морам да реагирам, бидејќи е направен уште еден обид од страна на опозицијата да се забрани да се дискутира за нешто или да се направи обид да се стави сенка врз сите оние активности што до 2002 година ги правел некој во оваа држава. И, непознавајќи го Законот за државна ревизија и членовите од тој закон за државна ревизија се сака да се доведат во заблуда граѓаните на Република Македонија дека ова било нешто што не е наша тема и за нешто што не треба да дискутираме. Затоа, апсолутно протестирам на ваквите инсинуации што беа кажани од колешката пратеник и се надевам дека никој не поверува дека ова е вистина и дека не смееме да дискутираме за ова, а јас го сфаќам како обид повторно да се покријат криминалните активности наводно или не наводно што ги правел некој во претходните 4 години.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Повелете госпоѓо Лалчевска, една минута.

ЛАЛЧЕВСКА РИСТАНА:

Господине Макрадули, прво, не ви се обратив вас лично, а вие многу добро го знаете членот 153, значи, знаете кој е овластен предлагач, а ако требаше да се расправа тогаш владата требаше да подготви информација и да ја достави до законодавниот дом, па потоа да расправаме околу овој Извештај. Меѓу другото, не сакав ништо да се скрие. Извештајот е јавен и секој можеше да го види, а ако се криеше нешто, тогаш вие господа кога зборувавте по извештајот никој од вас не спомна за оние 8% кои добро работеле, исто така, никој не спомна за градоначалниците од вашите редови, кои катастрофално лошо работеле. Тоа можете да го видите во Извештајот, можете да го видите како се трошеле буџетските средства во градот Скопје, Берово итн. Се прашувам зошто од вас никој не спомна за нивното незаконско работење.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Повелете г. Трајановски, процедурално.

ТРАЈАНОВСКИ КОЦЕ:

Јас се извинувам што се јавувам процедурално, меѓутоа, сметам дека позицијата со процедурални упаѓања сака да ја насочи дискусијата на друга страна, со оглед на тоа што дури повторно се употребуваат поими како криминални активности, притоа заборавајќи дека во 2001 беше заедничка Влада.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Ова не е процедурално, ова е реплика на реплика.

За збор последен дискутант овде што е на екранот е господинот Слободан Даневски.

Повелете.

ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН:

Господин претседателе, дами и господа пратеници,

Еве, расправаме веќе два дена и повеќе за она што е денешна тема, тоа е Извештајот за извршената ревизија за работењето на Државниот завод за ревизија за 2002 година. Направена е ревизијата за 2001 година, ова е извршена ревизија за 2002 година, а за 10 дена сме Среќна Нова Година 2004, па ние се занимаваме со работи што едноставно граѓаните веќе им досадивме и наваму доаѓајќи во Парламентот, велат, дајте еднаш прекинете, дајте вие во Парламентот сработете нешто. Се занимавате со теми што за нас воопшто не се битни. Не, викам, ова е битно да се чуе, да се види како е работено, кој ги трошел државните пари, кои се тие арамии, кои се ајдуци, дали седат во Парламентот, дали се градоначалници, дали сме самокритични спрема себе или водиме селективна политика, како што води Министерството за внатрешни работи и Јавниот обвинител. Селективно се даваат пријави неиздржани, правиме циркуси по медиумите. Не се почитува законот презункција на невиност, ги осудуваме. Тука имавме случаи дел од наши колеги пратеници читаа од она што е дадено во Годишниот извештај, читаа каде што стојат јасно и децидно изразено ставки, потставки, злоупотреби итн. И, ако постои нешто, да кажеме, што требало да го сработи Министерството за внатрешни работи, тоа е работа на почитуваниот господин Хари Костов, кој најави борба против корупција, за мито, за криминал, за организираниот криминал. Нема потреба некој друг да му дава, нека го земе Извештајот, не сакам да го читам, веднаш треба најмалку 20 или 30 градоначалници, веднаш треба да имаат притвор од 30 дена, веднаш треба да се осудат по онаа категорија каде што сакаше некој тука да суди. На граѓаните им е преку глава она, доста со тие работи се занимавате со историјата, дајте напред, дајде да дискутираме во овој Парламент за економските состојби, дајте да

дискутираме за безбедноста, дајте да дискутираме за невработеноста. Затоа што, еве поминува втора година, времето, многу, многу брзо оди, дајте да дискутираме за она што им тежи на граѓаните. Ние, станавме циркус мајстори во Парламентот и за она што треба и што значи живот да дискутираме, ни се случува тоа што ќе најдеме дежурна тема, или ќе се занимаваме со некое планирано убиство, или ќе се занимаваме со апликација, ќе ги оптоваруваме граѓаните со тоа. Сега е историски моменд дали да се аплицира или да не се аплицира. Пораките доаѓаат од сите страни и сите не убедуваат дека не е моментот, не е времето. Ние сме циркус мајстори и ќе најдеме некоја тема и ќе ги занимаваме граѓаните. Сега, ќе се занимаваме дали ќе не примат во НАТО. Еве, НАТО ни велат дека нема да не примат. И, сега, тоа ќе биде работа на Парламентот. Дајде да се посветиме со она што значи живот. На граѓаните им е преку глава. Гледате што се случува во она што не опкружува нас. Гледате во сите оние транзициони земји. Немојте да ни се случуваат несакани сценарија Грузиско или такви глупости. На граѓаните им е преку глава и од политички партии и од политичари и од сî. Викаат дека ќе влезат и на клоци ќе нî истераат од Парламентот, затоа што ништо не е сработено. Ние се занимаваме со тоа дали украл градоначалникот во Берово. Дали украл или не украл, тука постои извештај. Извештајот е ставен дали требаше да послужи за некого за маркетинг, за едни, за други, или за трети, не знам. Ефектите се негативни, затоа што се добива впечаток дека и едни и други и трети сите се исти. Граѓаните не ги занимава што направил градоначалникот во Берово или што направил градоначалникот во Скопје. За тоа си постојат институции, за тоа постои Министерство за внатрешни работи, за тоа постои Јавниот обвинител. Тоа се институции кои треба да функционираат. Ова се некои пишани извештаи што не значи дека се вистинити, затоа што додека не се докаже, има време од 30 т.е. 90 дена да се донесат докази, материјали и сî. Кога ова ќе стане правосилно, тогаш можеме да зборуваме, за едни, за други, за трети, кој што направил. И, да не се враќаме назад, ние не можеме да гледаме на еден Извештај за 2002, да закочиме за 2001, да гледаме за 2000 година, па да закочиме 1998 година, па да не гледаме за 1995 година или за 1993 година. Извештај треба да гледаме за секоја година. Да се вратиме на она што значи правда. Правдата некогаш доцни, но доаѓа. Еве, да го земеме европското искуство. Поведена е постапка за Берлускони и за Андреоти и за не знам кој друг италијански функционер, така што по 12 години тие одговараат за тоа што направиле. Никој нема да избега од законот за правда. Ако не се случи ова во овој момент, затоа што има институции кои треба да си ја бркаат работата, дајте

Парламентот да не го оптоваруваме и да не се ставаме во улога на судии. Ние, тука имаме колеги кои вешто манипулираат, кои се мајстори на зборот и ги судат, ги обвинуваат, ама не се самокритични за сопствените коли од својата партија, туку е многу полесно да критикуваме некој од другата политичка партија. И, сега, ако се враќаме назад, знаеме и за шверцот со цигари, знаеме и за шверцот со нафта, знаеме и за блокадата, знаеме што е направено со ТАТ, знаеме и за октоподот, сî знаеме. Знаеме што е случено со тендерите, знаеме за набавки, еве и тоа ќе се отвори. Знаеме дека постои Закон за јавни набавки. Е, не може сега во оваа држава ако биле тие од таа партија ќе одговараат зашто имало јавна набавка, имало тендер, ама не бил почитуван првиот. А, во другиот случај во моментов имаме да нема никаков тендер на усно договарање, е тој не е виновен, туку овој е виновен. Е, така не може. Или правдата ќе биде за сите иста, или да прекинеме со ови работи, затоа што на овој начин од тука, од Парламентот, почнувајќи дел од новинарите кои се користат и медиумите, се наметнуваат теми и се осудуваат политички неистомисленици, политички противници, затоа што се води една општа кампања. Не може криминалот да биде во еден човек или во една партија. Организираниот криминал е организиран криминал во сите, почнувајќи од она што значи финансирање на политички партии, она што значи антикорупциска комисија. Ние, не слушнавме некој, само слушаме некои работи од Министерството на тој што е симпатичен или антипатичен ќе му поднесеме кривична пријава, па ќе правиме циркуси преку медиумите, па ќе докажуваме не е така. Или, ќе убиваме некои недолжни граѓани, ќе ги третираме така што ќе велиме едни се криминалци, едни се убијци, едни се вакви. Да, ама тие се од другата партија. Тој бил лав или тигар или не знам што и селективно ќе ги применуваме законите.

Моето укажување е да прекинеме да се занимаваме со овие работи, затоа што не е точно, господа пратеници, дека ова треба да го гледаме на ваков начин, затоа што Извештајот на Државната комисија, знаеме според Уставот кои се овластени предлагачи. Овластен предлагач за материјал кој треба да го гледа Парламентот е пратеникот, Владата и 10 илјади потпишани граѓани со право на 10 илјади потписи, да бидат единствени предлагачи. И, во дадениот случај од Уставот е претседателот на државата за одредени теми што се во негова ингеренција што се дадени во Уставот.

И, да не сега се обвинуваме дали сî ова беше наместена работа класично да се гледа Извештајот и да се црнат. Ако почнеме, според она што добар дел пратеници тука обвинуваа едни-други, јас сум тогаш да го прочитаме целиот

Извештај, да почнеме од градот Скопје како најголема локална самоуправа, да стигниме до сите до најмалата, до Берово каде што имаа такви злоупотреби, она што се поднесени кривични пријави во онаа еуфорија кога беше на почетокот, тоа е смешна работа. Затоа што се поднесувани на физички лица и на приватни фирми и неосновано, кривична пријава за четири дена, тука имаме злоупотреби со милиони и милиони марки. Со милиони марки има злоупотреби. Што да кажеме? И, мојот предлог е да не се оптеретува Собранието, да оставиме овој Извештај е даден да се запознаат пратениците. Има институции и да не ги мешаме работите.

Моето укажување е друго, дали овој Извештај го оценуваме сите како добар? Од целата дискусија, сите пратници кажаа дека го оценуваат како добар, издржан, не е обоен политички со никаква боја и како таков ќе го гласаат сите пратнеици од сите политички партии што се присутни во Парламентот. Тоа е добро.

Ме плаши сега, немој да ни се случи следната година да му се намалат средствата на Државниот ревизор, затоа што гледаме дека не е екипиран со 25 инспектори, па да не се случи тој, бидејќи погодил некои персони од едни, други или трети па да му ги укинеме средствата, па да не си ја заврши работата затоа што многу објективно ги дава работите. Не тоа. Сигурно дека како ваков Извештај ќе го ценат и пратениците дека е добар, ќе го цени и целата македонска јавност и она што значат релевантни структури што многу влијаат во нашата држава, т.н. меѓународната заедница што секогаш не цени и не гледа на рендген, нî скенира и е добро да постои оваа ревизија и да си ја врши работата. Треба да дадеме позитивна оценка, да се заблагодариме за успешната работа на директорот и, не е, повторувам, со Деловникот, со Уставот овој годишен Извештај за извршена ревизија не е во рамките што треба Парламентот и парламентарците да го гледаат, да дискутираат и губат енергија. Енергијата да се насочи на она што значи невработеност, она што значи живеење, она што значи земјоделие, економија, стопанство, она што значи екологија. Дајте да ги отвориме овие теми, дајте да се надминат антагонизмите и да не се обвинуваат-овие крадеа малку повеќе, овие највеќе крадеа. Ни случајно. Затоа што ние сме дојдени во Парламентот, еве година дена не дискутираме тема што значи живеење во оваа држава, дајте да се свртиме кон она што значи реалност. Затоа што ние можеме на вистина да си помогнеме. Гледаме дека помошта, само не удираат по грб, видете ова ќе ве примат, ќе биде она. Нема да не примат ни ЕУ, тоа е мислена именка, а прашање е дали ќе не примат и во НАТО структурите. Затоа што секогаш ќе ни бараат нови и нови димензии и нови вредности и критерии, што Македонија објективно не може да ги

исполни. Затоа да се посветиме како што многу држави се посветија, сами да си помогнеме. Тоа е одговорност на сите нас во Парламентот, затоа што пратениците се избрани да носат закони. Не да судат и пресудуваат.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам г-дине Даневски.

Следниот на листата се јави за збор г-динот Исмет Рамадани, а нека се подготви г-динот Слободан Најдовски.

Повелете.

РАМАДАНИ ИСМЕТ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван директоре ревизор,

Сакам да дадам и јас свој придонес во однос на Извештајот на Државниот завод за ревизија само во правец на тоа што да не се дозволи на некој начин да се минимизира од некои дискусии што ги слушнав деновиве од моите колеги пратеници, тоа што е напишано и како информација и она што е направено како ревизија, бидејќи со тоа сакам уште еднаш да потсетам на нивото и позицијата на пратеникот и во овој случај, односно во врска со оваа Информација.

Станува збор дека ние како пратеинци воопшто не би требале да дискутираме дека губиме време што се занимаваме со оваа проблематика, со самиот факт дек а како институција, како Парламент треба да испратиме навистина многу силни пораки до компетентни институции што се спомнуваат во оваа ревизија односно оваа Информација за да им дадеме до знаење дека ќе имаат одговорност сие оние што зедоа активности и работеле надвор од Законот, сите оние кои што се занимавале со работи што се квалифицираат како криминални работи. И тука не смееме на ниту еден начин да оставиме празнина или убедување дуалистичко дека натаму ќе се амнестираат сите оние или пак ние како пратеници и Парламент дека нема да се занимаваме со вакви работи, со вакви проблеми. Бидејќи сите ние сме сведоци, почитувани колеги дека извештаите што ги добиваме од меѓународните инстуции, од разните меѓународни асоцијации, од дискусиите правени од многу релевантни европски институции, како што беше последниот во Европскиот парламент, Република Македонија за жал се наоѓа на многу незавидна позиција што се однесува до корупцијата и до незаконските работи, односно организираниот криминал.

Доколку е тоа така тие институции меѓународни треба дефинитивно да го слушнат нашиот збор, без оглед дали станува збор за опозиција или позиција, значи

во овој правец треба да бидат многу силни доколку не се констатира еден ден дека ние и на овој начин, со пораки и со наши дискусии ги следиме, ќе ги проследиме нашите пораки кон оние институции и индивидуи, лица кои се занимаваат со криминални дејности, односно се вклучени во корупцијата и незаконските работи, тогаш ќе се создаде едно убедување дека ние не се бориме колку што треба или пак не се бориме против негативните појави во овој правец што ни се појавуваат во нашето општество. Треба да разбереме дека сето тоа што е направено како ревизија, како текст и содржина и како Информација, навистина можеби лошо ќе ме разберете, но тие информавции не се писанија или пак сонати на некој Франциско Петрарка, но тоа се писанија што се направени после една опсежна работа на професионалци, на компетентни луѓе , тргнувајќи од тоа дека тука е вклучено и Министерството за внатрешни работи и други компетентни органи.

Јас ќе ја завршам мојата дискусија со зборовите дека дискусиите треба да одат кон тоа да биде испратена јасна порака дека сите оние кои се занимавале со незаконски работи без оглед дали станува збор за институвции или индивидуи, сите оние кои ќе се занимаваат со незаконски работи што се однесува до злоупотреба на тоа што е државна сопственост, но и нешто повеќе од тоа се разбира, уште еднаш ќе испратам порака Парламентот ќе им даде поддршка само на оние што се борат против овие негативни појави.

Благодарам.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам г-дине Рамадани.

Последен , барем засега е г-динот Најдовски Слободан.

НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН:

Благодарам г-дине претседателе.

Сосема на кратко сакам да го кажам своето мислење по однос на Извештајот на Државниот завод за ревизија за 2002 година, иако, како што напомнаа најголем број дискутанти јасно е дека се однесува за работењето на институциите во државата за 2001 година.

Прво, сметам дека овде беше наметната една теза дали воопшто Собранието да расправа за овој Извештај, дали Државниот завод е овластен орган што може да предлага материјали за расправа на Собранието? Мислам дека, не само што може, туку и должност, законска обврска е на Државниот завод за ревизија да поднесе извештај за својата работа на ова Собрание и Собранието треба да расправа за тој Извештај и да го усвои или да не го усвои. Бидејќи за сите институции посебно

раководители што ги назначува Собранието на Република Македонија тие се директно одговорни на Собранието.

Во овој случај, директор на Државниот завод за ревизија го именува Собранието на Република Македонија и тој нема што да му поднесува на Владата или на било кој друг орган извештај за своето работење, туку негова обврска е да ја поднесе исклучиво на Собранието на Република Македонија. А, врз основа на расправата што ние како пратеници ќе ја имаме во Собранието ќе следат заклучоци за задолженијата на останатите органи и институвции во Република Македонија за задачите што ќе произлезат од расправата по Извештајот.

Второ, зошто треба ние како пратеници многу посуштински да расправаме по овој Извештај? Бидејќи еден од основните постулати на демократијата е одговорност и отчетност на избраните функционери. Па, дами и госпдо ние сме избрани од граѓаните пред се да се грижиме за трошењето на парите што тие граѓани ги трошат од своите џебови, ги ставаат во буџетот, во касата или во џебот на државата. И тука, не само што не треба да се оспорува правото на расправа по однос на трошењето, туку напротив, треба ревносно да се бориме за барање одговорнот и отченост на секој граѓанин, секоја институција што располага со државни пари во Република Македонија. Тогаш ќе омжеме да зборуваме дека воспоставуваме систем на одговорност, на отчетност кон граѓаните на Република Македонија.

Втората работа што сакам да ја напомнам, не би навлегувал конкретно во извештаите за одредени институции бидејќи се многу обемни и тоа би одзело многу време. Би сакал општо да напомнам, а тоа е прашањето за влијанието на власта, на институциите на власта врз Државниот завод за ревизија.

Кога зборувавме за Извештајот на Државниот завод за ревизија за 2002 година на почетокот на годината го поставив прашањето и на Комисијата за финансирање и буџет и овде во Парламентот - зошто во институциите во кои што најмногу се зборуваше се направени проневери во изминатите години, немаше извршено ревизија за работењето во 2000-та година. И тогаш, нормално и сега е образложението со недоволна кадровска опременост на Držaниот завод за ревизија, што навистина го разбирам и го сфаќам, но ден денес сметам, гледајќи ги извештаите што денеска се однесуваат на тие институции, на пример Царината и ред други институции, се гледа нивното работење во 2001, а ако се направила ревизија во 2000-та година, можеби ќе било, хипотетички дела, би било произлезено нешто друго. Затоа, основното прашање што се наметнува во иднина, посебно ние

како партии што ја поддржуваме Владата, ние мораме да овозможиме целосна независност во работењето на Државниот завод за ревизија. Тогаш пред се, ќе си помогнеме и себе си, како пратеници, ќе помогнеме на нашите политички партии што ги претставуваме, ќе помогнеме на Владата, а најмногу на граѓаните во Република Македонија за одноговорно и отчетно трошење на парите што се собрани од граѓаните.

Втората работа што сакам да ја напомнам е прашањето што овде се отвора околу наменското или ненаменското трошење на средствата.

И на Комисијата за финансирање и буџет го расправавме. Навистина, ако гледаме до точка и запирка, ретко ќе се најдат институции каде нема да најдеме забелешка дека имало ненаменско или наменско трошење на средствата.

На пример, се спомнуваат општините. Општинирте, годинава имало повеќе снег, предвиделе за сол. Другата година немало, непредвиделе, па ако има мразеви нормално дека сол ќе купат повеќе и тука можеме да најдеме одредено разбирање. Но сепак морале тоа да го покријат со одредени одлуки од институциите што ги имаат.

Но, господа , ненаменско трошење на огромни суми на пари, тука се спомнуваат 350 - 400 - 500 илјади евра за кои нема поткрепа со одлуки од надлежни институции, тоа не можеме да го третираме како ненаменско трошење од мало кршење на Законот. Не е тоа мало кршење на Законот. Нема мало или големо. Има кршење на Законот.

Ако добро ги погледате извештаите на институциите финансирање од Буџетот на Република Македонија ќе видите дека во најголемиот број случаеви, преку 90% прекршен е Законот за буџетот, прекртшен е Законот за извршување на буџетот и прекршен е Законот за јавни набавки. Тогаш се прашувам зошто ние , господо, се спремаме и опозиција и ние како позиција и ја чекаме расправата за Буџетот на Република Македонија за 2004 година? Зошто тогаш секоја година носиме закон за извршување на Буџетот ако во текот на годината одговорни функционери кои располагаат со државни пари омжат по нивно наоѓање, по нивно мислење да ги трошат парите надвор од она што Собранието го утврдило во ставките на Буџетот и Законот за извршување на Буџетот.

Затоа, никој не смее да биде иземен од одговорност за ненаменско трошење на буџетските средства. Мислам дека секој оној кој ќе сака да ја минимизира таа одговорност, напротив, сака да пренасочи дека во Република Македонија нема потреба од демократска расправа при донесување на буџетите за било која година.

Третото прашање што е многу битно, што сега после овој Извештај? Кој ќе биде крајниот епилог?

Ние сега сите овде, како што предложија некои колеги од опозицијата дека Државниот завод успешно си ја завршил работата и ќе подржат неговиот Извештај, завршува ли целокупната работа тука? Значи ли, со тоа што ние ќе го усвоиме овој Извештај, констатиравме тоа што констатиравме, усвоивме тоа што констатираа ревизорите од Државниот завод за ревизија и тука ќе зврШиме? Затоа и на Комисијата за финансирање и буџет го предложив последниот заклучок и мислам дека Собранието треба да му посвети посебно внимание на тој заклучок, ние на крајот на годината или првиот месец од наредната година, веднаш да добиеме информација од надлежните институции што одредени органи и институции во Република Македонија презеле по однос на извештаите. Ако е тоа точно, кои мерки ќе се преземат? Ако не е точно, да не фрламе љага на луѓето, на оние кои раководеле со тие институции, за што има во Извештајот на Државниот завод за ревизија.

Следното прашање, и на Комисијата се отвори прашањето и овде, што со оние кои што во законскиот рок од 90 дена не поднеле информација што преземале мерки по однос на извештаите.

Во Извештајот дали намерно или ненамерно има институции за кои што нема ниту една забелешка а напишани се дека надлежните институции не одговориле по однос на записникот. Сметам дека директорот треба да одговори на прашањето дали институциите во кои што Државниот завод за ревизија не нашол никаква забелешка, се должни да кажат кои мерки ги преземале. ако нема забелешки нема што да одговорат и нема кои мерки да ги преземат.

На крајот, би завршил со тоа дека ние како Парламент, институциите во Република Македонија треба да создадеме услови Државниот завод за ревизија да си ја врши целосно својата работа. Сите институции, сите органи кои што подлежат во Законот за државна ревизија на ревизија во наредната година да им биде извршена ревизија, затоа што се гледа од изминатите години ако ве фати китапот, ќе ви извршат ревизија, ако не вашата година поминала како институција, како одговорно лице кое што раководите со таа институција, никој не ви извршил контрола на вашето работење. Тоа е случај во изминатите години. Ако имаме предвид дека Законот за јавни набавки нема предвидено некоја посебна контрола за вршење на јавни набавки, освен во случаите кога некој се жали, тогаш мораме дса овозможиме на Државниот завод за ревизија пред се независност во работењето,

без било какво политичко влијание, со оглед на тоа ако имаме предвид кога е формиран Државниот завод за ревизија не мора опозицијата да се плаши дека партиите кои што сега ја подржуваат власта би можеле да имаат влијание на работата на Државниот завод за ревизија и можеме да очекуваме дека совесно и коректно ќе ја извршуваат својата работа за контрола и во овие години кгоа овие политички партии, кои што сега ја подржуваат власта, се на функциа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Најдовски.

Никој не ја спори смислата за расправата по повод овој извештај. Точно е дека опозицијата и позицијата сметаат дека треба да се дискутира, спорна беше процедурата и на кој начин е дојдена оваа точка на дневен ред на пленарната седница. Јас можам да ве известасм по барање на Комисијата за финансирање и буџет, со заклучоци е побарано овој извештај да се разгледа на пленарна седница и да се донесат соодветните заклучоци.

За збор се јави господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам господине претседател, почитувани колеги,

Јас се јавив за реплика и мојата реплика ќе ја сведам на две прашања кои се во насокан а дискусиите дали требало или не требало овој извештај да го разгледуваме на седницата на Собранието на Република Македонија.

Прво, кај мене се поставува првото прашање како дилема дали требало или не требало овој извештај да го гледаме на седница на Собранието, може ли ова Собрание да донесе заклучок да не го усвои извештајот што е изготвен од надлежен државен орган, надлежен да врши ревизија за наменското и незаконско трошење на буџетскит средстдва.

Второ, може ли некој да го спречи министерот за внатрешни работи, ова Собрание, со заклучоци, или Јавното обвинителство да не преземе мерки против оние што ненаменски и незаконски ги трошеле буџетските средства.

За мене одговорот е не, таков луксуз ова Собрание ниту може ниту сака да си дозволи и затоа се поставува прашањето зошто толку изгубивме енергија по однос на овој извештај.

Заклучоците што ова Собрание ќе ги донесе на кого ќе му бидат упатени? На Владата на Република Македонија, се разбира не, затоа што Владата на Република Македонија не е предлагач, ниту е суд. Ќе бидат упатени ли до

судството, да го потсетиме дека нешто треба да работи и да преземе. Се разбира не, затоа што судството си ја знае работата и врз база на званични податоци од државен орган ќе си преземе соодветни постапки кои што се во негова надлежност. Затоа апсолутно се согласувам со констатацијата што беше искажана дека народот во овој момент не сака повеќе занимација. Занимацијата му беше потреба тогаш кога имаше плати, кога имаше вработеност, тогаш се занимаваше со вакви работи. Сега на народот занимација не му треба, му треба решавање на актуелните проблеми за кои што овој проблем и сите ние заеднички сме одговорни да ги решиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние можеме до Владата на Република Македонија да ги испратиме заклучоците, ние сме ја избрале таа Влада и ако не постапува по тие заклучоци, да побараме одговорност за тоа.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Тошевски.

Повелете.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

После обемната дискусија која укажа на многу прашања и даде многу сугестии што се од посебна корист на Државниот завод за ревизија во насочување на своите активности и потенцирање на главните прашања што во следната активност треба да ги има предвид, јас сакам да дадам неколку заврши коментарни на прашањата што беа покренати.

Најнапред да започнам од последното прашање, кое ни одзема дел од времето, за законскиот основ за расправата.

Наша законска обврска е според членот 11 од Законот за државна ревизија да поднесе извештај до Собранието на Република Македонија.

Тоа е направено со Законот.

Понатаму, постапката на утврдувањето на дневниот ред е уредена со Деловникот на Република Македонија и јас нема да се впуштам во неговото толкување, бидејќи добивме званични покани и на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија и за пленарната седница на Собранието на Република Македонија на кое е ставен на дневен ерд, ние се

вклучуваме во расправата со цел да дадеме вовед и одговор на прашањата кои во оваа дискусија се покренати.

Во тој контекст сакам да нагласам две - три прашања кои се од суштинско значење за оваа и за следните расправи по слични документи.

Во многу од коментарите што беа направени се настојуваше да се објасни потребата дека некои трошења на средства мора да се направат, затоа што имало потреба од тоа. Тоа не е спорно, меѓутоа улогата на Државниот завод за ревизија не е да ја оценува опортуноста, потребата за трошење на некои средства, но да ја оцени законитоста во трошењето на средствата според утврдените проекти, програми, буџети, финансиски планови. Ние се држиме и мора да се држиме на тоа, инаку ќе се претвори во слободни коментари кои ништо нема да помогнат на Собранието во водењето на политиката за насочување на употребата на јавните средства. Според тоа, сите наши наоди базираат на тоа дали направените расходи на буџетските средства, на средствата на јавнит претпријатија, фондовит и тн. на сите субјекти кои што се вклучени во Законот базираат на одредбите од актите со кои тие се регулирани. Како што и самите можевте да забележите главно се држиме на тоа. Некаде навистина можеби се добива впечаток дека правиме забелешки на ситници, но тука беше јасно кажано дека незаконитоста дали се работи за поголем или помал обем е незаконитост и наша функција е да го утврдиме таквиот статус на употребата на средствата, дали е законски или незаконски.

Второ, зошто ги правиме тогаш и буџетите и финансиските планови и програмит и тн., ако овластените раководители можат по свое наоѓање, без да ја почитуваат процедурата, а процедурата укажува кој надлежен управен раководен или надзорен орган ја утврдува намената, постапката и слично. Затоа веројатно во следните наши контакти, како што и замоливме во програмата на Собранието на Република Македонија да влезе една активност која и оперативно ќе гледа некои извештаи, ќе ја следи активноста на Државниот завод за ревизија за да можеме финиширањето на овој извештај, на кој многу внимание му посветија голем број на пратеници, за што сум јас посебно благодарен да го даде својот епилог. Епилогот за нас не е дали на крајот ќе бидат извршени за сите случаи рестриктивни и репресивни мерки, туку дали органите, овластените и одговорни раководства на институциите и тн., ќе настојуваат да ги отстранат незаконитостите на незаконските и ненаменските трошења и самоволното однесување и ќе се вклучат во она што сите ние настојуваме да направиме институции кои ќе ја почитуваат и ќе ја реализираат правната држава.

На крајот, сакам да заблагодарам и за мноштвото дискусии кои дадода поддршка за натамошните активности на Државниот завод за ревизија и за потребата да се направат напори да се обезбедат потребните услови, што очекувасм дека ќе биде натамошна грижа и на Собранието на Република Македонија.

Нема да се впуштам во одделни коментари на различните оценки по некои прашања, но битно е дека она што ние сме нашле, утврдиле и процениле дека треба да биде соопштено во ревизорските извештаи е присутно во извештаите и стоиме зад секоја од тие формулации. Нормално, некаде може да се направени и технички пропусти, ако такви ги има, во натамошните постапки ќе ги отстраниме, меѓутоа зад наодите соти одговорноста на мене како главен државен ревизор и на овластените државни ревизори кои го вршат и го потпишуваат ревизорскиот извештај.

Уште еднаш ви благодарам на соработката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, го ставам на гласање, но претходно ги молам сите пратеници што се надвор од салата да влезат, а службите да го констатираат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи има потребен број на присутни пратеници во салата, ве повикувам да гласаме за предложените заклучоци.

Констатирам дека вкупно гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Никој нема против и никој нема воздржан.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Да се вратиме на точката 6, бидејќи предлагачот, пратеникот Зоран Томиќ беше отсутен кога беше неговата точка на дневен ред. Тоа е -

**Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот, мислењето на Владата и дописите на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Има збор предлагачот, господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Идејата за поднесување на предлог законот кој ви е доставен се содржеше во фактот што инвестирањето во производството пред се бара инвестиции во движен и во недвижен имот и износи се многу повисоки во голем број случаи се над предвидениот износ за намалување на даночната основица.

Ние како Собрание воведовме стимулативни мерки, имено на 22 јули го донесовме Законот за изменување и дополнување на Законот за добивка каде што утврдивме дека сето она што значи инвестирање во движен и недвижен имот, а се однесува на членот 31 за инвестирање во производството да бидат ослободени инвеститорите до 100.000 евра во денарска противвредност, а над тој износ до 30% од наведениот износ.

Иако законот до поднесување на мојот предлог на законот поминаа три месеци, од контактите со луѓето од сферата на бизнисот, во контакти со луѓето кои директно се занимаваат со производството, инвестирањето, пред се кои мислат добро за државата, Република Македонија и се залагаат за нови вработувања, значи од сите тие изјави беа сублимирани мислењата и тоа ми даде идеја дека навистина овој износ е премал односно истиот ќе треба да се зголеми и промени членот 31. На тој начин да се изврши поголемо стимулирање во поглед на инвестиционите вложувања кои ќе создадат услови за зголемување на производството, стимулирање на извозот и поттикнување на развојот на стопанството, а особено услови за обезбедување на нови работни места.

Го добив мислењето од Владата на Република Македонија и морам да дадам еден свој личен коментар по истото.

Имено, на страница 2 од Мислењето на Владата на Република Македонија образложението зошто Владата на Република Македонија не го подржува овој предлог на закон се кажува дека Законот за данокот за добивка ез во примена само неколку месеци и дека ефектите од неговата примена треба да следат и дека се вградени стимулативни мерки кои овозможуваат на даночните обврзници зголемено производство и поттикнување на извозот, стопански развој и отворање на нови работни места.

Јас сум свесен дека во Законот кој е на сила навистина се вградени стимулативни мерки, меѓутоа се поставува прашањето зошто Владата на Република Македонија односно посебно Министерството за финансии немаше сенс дека тие стимулативни мерки ќе бидат уште поголеми.

Второ, јас сум навистина пријатно изненаден, доколку овој мој предлог на закон, како и Предлогот на колешката Ганка Самоиловска-Цветанова со групата пратеници, кои исто така поднесоа Предлог на закон за изменување на овој закон за добивка, ја поттикнат Владата во изработката на новиот закон, како што овде се вели во последната реченица на Владата дека е во постапка подготвување на комплетен закон за данок на добивка.

Јас ќе бидам трпелив, ќе ја почекам Владата, ќе и дадам рок од 60 дена, според законот, да не биде молчење на адмиистрацијата, но овде јавно кажувам дека немам намера да се откажам од измените на Законот за добивка во наредниот период, меѓутоа, се надевам дека новиот министер за финансии ќе има малку поголем сенс, да не речам храброст овие наши укажувања и од опозицијата и од позицијата да бидат вградени во новиот закон за добивка.

Од тиа причини, на денешната седница го повлекувам мојот Предлог на закон.

ЈОРДАНОВСКИ ЉУПЧО:

Благодарам.

Со повлекување на законот од предлагачот исцрпен е дневниот ред на 43-тата седница на Собранието и со тоа ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 11,25 часот)